Друштво за ревизија, проценка, вештачење и финансиски консалтинг
**ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО Радовиш**
ул. Коста Сусинов бр.22 Радовиш
тел. ++389 (32) 633-632
тел.моб. ++389 (72) 208-072
e-mail: idejaplusrevizija@yahoo.com
www.idejaplus.mk

**До**

**Основачите и раководството на**

**ДАМЈАНОВ АД Делчево**

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ДАМЈАНОВ АД Делчево, кои се состојат од Извештај за финансиска состојба со состојба на 31 декември 2023 година, Извештај за сеопфатна добивка, Извештај за промените на капиталот и Извештај за паричните текови за годината која завршува на тој ден, како и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

### *Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени и објавени во Република Северна Македонија и за интерната контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажувања, без разлика дали се резултат на измама или грешка.

### *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ревизијата ја спроведовме во согласност со стандардите за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали те финансиски извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измама или грешка.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешни прикажувања на финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на те финансиски извештаи за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни со околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

### *Основа за мислење со резерва*

Како што е наведено во белешка 21 кон приложените финансиски извештаи, за деловната 2023 година не е пресметаната амортизација во износ од 2.192 илјади денари, со што е потценет трошокот за амортизација, преценет е финансискиот резултат и се преценети активата и пасивата на Друштвото.
Исто така Друштвото за 2012, 2013 и 2014 година не евидентирало трошок за амортизација на основни средства за износ од 3.958 илјади денари, со што бил потценет трошокот за амортизација во соодветните години.
Со тоа што не е пресметана амортизација не е запазен концептот на конзистентност во примена на сметководствените политики на Друштвото.

Друштво за ревизија, проценка, вештачење и финансиски консалтинг

**ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО Радовиш**

ул. Коста Сусинов бр.22 Радовиш
тел. ++389 (32) 633-632
тел.моб. ++389 (72) 208-072
e-mail: idejaplusrevizija@yahoo.com
www.idejaplus.mk

Ние бевме назначени за ревизори на ДАМЈАНОВ АД Делчево по 31 декември 2023 година и не бевме во можност да го набљудуваме физичкиот попис на ден 31 Декември 2023 година, бидејќи тој датум претходи на денот кога бевме ангажирани за ревизори на друштвото. Бидејќи почетните и крајните залихи влијаат на резултатот од работењето, ние не бевме во состојба да утврдиме дали би биле потребни корекции во однос на искажаната добивка во Билансот на успех или на нето сметководствената вредност на постојаните средства и вредноста на залихите во Билансот на состојба.
Како што е наведено во белешка 22, Друштвото има евидентирано залихи во износ од 2.855 илјади денари. Со спроведените ревизорски постапки констатиравме дека истите се застарени и споро движечки залихи, чија реализација е неизвесна. Друштвото ги нема сведено залихите на нивната нето реализациона вредност.

***Мислење со резерва***

Според нашето мислење, освен за можните ефекти на кои се укажува во пасусот Основи за мислење со резерва, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите значајни аспекти, финансиската состојба на ДАМЈАНОВ АД Делчево на ден 31 декември 2023 година, како и финансиските резултати и неговите паричните текови за годината која завршува на тој ден, во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

***Извештај за други правни и регулативни барања***

Раководството на Друштвото е, исто така, одговорно за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговските друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2023 година.

Нашата работа во однос на годишниот извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работа е конзистентен од сите материјални аспекти со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на ДАМЈАНОВ АД Делчево за годината која завршува на 31 декември 2023 година.

Радовиш, 01.07.2024 година

Јанка Димитрова

Овластен ревизор

ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО

Управител

Јанка Димитрова

ДАМЈАНОВ АД Делчево

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
**за годината која завршува на 31 декември 2023 година**
**Во илјади денари**

| Опис | Белешка | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Приходи од работењето** | | | |
| Приходи од продажба | 4 | 100.040 | 113.070 |
| Останати приходи | 5 | 290 | 363 |
| **Вкупно приходи од работењето** | | **100.330** | **113.433** |
| **Расходи од работењето** | | | |
| Трошоци за суровини и други материјали | 6 | 3.753 | 11.311 |
| Набавна вредност на продадени стоки, материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 7 | - | - |
| Услуги со карактер на материјални трошоци | 8 | 79.220 | 80.389 |
| Останати трошоци од работењето | 9 | 997 | 1.744 |
| Трошоци за вработените | 10 | 14.919 | 15.484 |
| Амортизација на материјалните и нематеријалните средства | 11 | - | 2.398 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства | 12 | - | - |
| Резервирања за трошоци и ризици | 13 | - | - |
| Останати расходи од работењето | 14 | 293 | 2 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **99.181** | **111.328** |
| Финансиски приходи | 15 | 43 | 72 |
| Финансиски раходи | 16 | 556 | 355 |
| **Удел во добивката/(загубата) на придружените друштва** | | **-** | **-** |
| **Добивка/(Загуба) од редовното работење** | | **636** | **1.822** |
| **Добивка/(Загуба) пред оданочување** | **17** | **636** | **1.822** |
| Данок на добивка | 18 | 70 | 192 |
| **Нето добивка/(загуба) за деловната година** | **19** | **567** | **1.630** |
| Останата сеопфатна добивка | | - | - |
| Останата сеопфатна загуба | | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка/(загуба) за годината** | **20** | **567** | **1.630** |
| Број на обични акции на крај на година | | 30.234 | 30.234 |
| Заработувачка по акција | | 18,74 | 53,93 |

Овие финансиски извештаи се усвоени од страна на менаџментот на 28.02.2023 година.

Белешките кон овие финансиски извештаи се интегрален дел на истите и треба да се читаат во врска со истите.

ДАМЈАНОВ АД Делчево
Генерален директор
Слободан Дамјанов

ДАМЈАНОВ АД Делчево

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА
## на 31 декември 2023 година
## Во илјади денари

| Опис | Белешка | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Материјални и нематеријални средства | 21 | 26.884 | 24.158 |
| Вложувања во недвижности | | 795 | 795 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **27.679** | **24.952** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 22 | 2.856 | 2.696 |
| Побарувања од купувачи | 23 | 9.826 | 12.910 |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | 24 | - | - |
| Останати краткорочни побарувања | 25 | 3.156 | 3.311 |
| Краткорочни финансиски средства | 26 | 31.005 | 34.115 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 27 | 4.029 | 7.063 |
| Платени трошоци за идните периоди и пресметани приходи (АВР) | 28 | - | - |
| **Вкупно тековни средства** | | **50.872** | **60.095** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **78.551** | **85.047** |
| **ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ** | | | |
| Основна главнина | | 27.273 | 27.273 |
| Ревалоризациска резерва | | 19.582 | 19.582 |
| Резерви | | 3.676 | 3.432 |
| Акумулирана добивка/(загуба) | | 12.253 | 10.867 |
| Добивка/(Загуба) за деловната година | | 567 | 1.630 |
| **Вкупно главнина и резерви** | 29 | **63.351** | **62.785** |
| **Неконтролирано учество** | | - | - |
| **Долгорочни резервирања за ризици и трошоци** | | - | - |
| **ОБВРСКИ** | | | |
| **Долгорочни обврски** | 30 | **11.021** | **9.279** |
| **Одложени даночни обврски** | | - | - |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 31 | 1.521 | 10.688 |
| Обврски за аванси, депозити и кауции | 32 | - | - |
| Останатои тековни обврски | 33 | 2.658 | 796 |
| Тековни обврски по заеми и кредити | 34 | - | 1.500 |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди (ПВР) | 35 | - | - |
| **Вкупно тековни обврски** | | **4.179** | **12.983** |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | **78.551** | **85.047** |

Овие финансиски извештаи се усвоени од страна на менаџментот на 28.02.2023 година.
Белешките кон овие финансиски извештаи се интегрален дел на истите и треба да се читаат во врска со истите.

ДАМЈАНОВ АД Делчево
Генерален директор
Слободан Дамјанов

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ
**за годината која завршува на 31 декември 2023 година**
**Во илјади денари**

| Опис | Основна главнина | Законски, статутарни и останати резерви | Добивка/ (Загуба) | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 01.01.2023** | **27.273** | **23.014** | **12.498** | **62.785** |
| Корекција на добивка од минати години | - | - | - | - |
| Вкупна сеопфатна добивка/(загуба) за 2023 година | | | 567 | **567** |
| Реинвестирана добивка | | 245 | (245) | - |
| Исплатена дивиденда | | | - | - |
| **Состојба на 31.12.2023** | **27.273** | **23.259** | **12.819** | **63.351** |

| Опис | Основна главнина | Законски, статутарни и останати резерви | Добивка/ (Загуба) | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 01.01.2022** | **27.273** | **22.922** | **12.004** | **62.200** |
| Корекција на добивка од минати години | - | - | - | - |
| Вкупна сеопфатна добивка/(загуба) за 2022 година | | | 1.630 | **1.630** |
| Реинвестирана добивка | | 92 | (92) | - |
| Исплатена дивиденда | | | (1.045) | **(1.045)** |
| **Состојба на 31.12.2022** | **27.273** | **23.014** | **12.498** | **62.785** |

Белешките кон овие финансиски извештаи се интегрален дел на истите и треба да се читаат во врска со истите.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ

**за годината која завршува на 31 декември 2023 година**
**Во илјади денари**

| Опис | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| **I. Готовински тек од оперативни активности** | | |
| **Нето добивка/(загуба) по оданочување** | **567** | **1.630** |
| **Амортизација на основни средства** | **-** | **2.398** |
| **(Зголемување)/Намалување на тековните средства** | | |
| Залихи | (160) | 295 |
| Побарувања од купувачи | 3.084 | 2.593 |
| Останати краткорочни побарувања | 155 | (738) |
| **Вкупно (зголемување)/намалување на тековните средства** | **3.079** | **2.150** |
| **Зголемување/(Намалување) на тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачи | (9.167) | (8.955) |
| Останати тековни обврски | 1.862 | 663 |
| **Вкупно зголемување/(намалување) на тековни обврски** | **(7.305)** | **(8.292)** |
| **Вкупно нето готовина од оперативни активности** | **(3.659)** | **(2.113)** |
| **II. Готовински тек од инвестициски активности** | | |
| Набавка на материјални и нематеријални средства | (2.727) | (1.979) |
| Краткорочни финансиски средства | 3.110 | 7.118 |
| **Вкупно нето готовински тек од инвестициски активности** | **383** | **5.139** |
| **III. Готовински тек од финансиски активности** | | |
| Долгорочни обврски | 1.742 | 3.675 |
| Тековни обврски по заеми и кредити | (1.500) | - |
| Исплатени дивиденди | - | (1.045) |
| **Вкупно нето готовински тек од финансиски активности** | **242** | **2.629** |
| **Вкупно нето зголемување/(намалување) на готовината** | **(3.034)** | **5.655** |
| **Готовина на почетокот од годината** | **7.063** | **1.408** |
| **Готовина на крајот од годината** | **4.029** | **7.063** |

Белешките кон овие финансиски извештаи се интегрален дел на истите и треба да се читаат во врска со истите.